ELIKOSOFT

# Управување со човечки ресурси (HRM)

## Што е HRM?

Со системот за управување со човечки ресурси се врши евиденција на податоци за сите вработени, организационата струк- тура на компанијата и поставеноста на вработените по работни места, регрутација на нови кадри, податоци за обука на вработените, распределба на проекти, евиденција на присутност. Во HRM системот ќе се евидентираат и сите новости и промени на актите за организација и систематизација на компанијата.

Апликацијата е web базирана што значи дека авторизираните корисници во било кое време и од било која локација можат да дојдат до потребната информацијата.

Системот за управување со човечки ресурси се состои од следниве носечки модули:

- Административен модул
- Модул за кадровска евиденција (лични информациии за вработен)
- Модул за сервис на вработените (Self service)
- Модул за планирање на отсуство
- Модул за регрутација, селекција и прием на нови кадри
- Модул за тренинг и развој (обуки)
- Модул за планирање на систематски прегледи
- Модул за следење и учество на проекти

Административениот модул опфаќа:

- Информации за компанијата (општи информации, локации, организациска структура)
- Дефинирање на работни места
- Шифрарници
- Дефинирање на корисници и кориснички групи
- Вести, соопштенија, формулари

Во модулот за кадровска евиденција содржи служи за внесување на нови и преглед на веќе внесени вработени.

Во модулот за сервис на вработените (Self service) вработените ги гледаат сите податоци што се внесени за нив.

Модулот за планирање на отсуства има:

- Конфигурации
- Отсуства

- Годишни одмори

Модулот за регрутација, селекција и прием на нови кадри опфаќа:

- Огласи
- Пријавени кандидати

Во модулот за тренинг и развој(обуки) се внесуваат сите поминати и планирани обуки за вработените.

Модулот за планирање на систематски прегледи ги содржи податоците за здравствените прегледи кои ги поминуваат вработените.

Модул за следење и учество на проекти содржи:

- Податоци за проекти
- Проектни активности

HRM обезбедува:

- Ефикасност на одделот за човечки ресурси
- Евидентирање на сите новости и промени на актите за организација и систематизација
- Електронско досие за секој вработен кое содржи лични податоци, контакт информации, квалификации, податоци за вработувањето, податоци за време поминато на работа и отсуства од работа, податоци за исплатена плата и придонеси од плата, следење на работниот век
- Едноставен организациски менаџмент, брзо и лесно следење и евиденција на сите процеси во делот со вработувања и интеграција на сите информации за вработените во компанијата
- Ефикасна идентификација на вработени кои ќе работат на системот и дефинирање на нивните можности, привилегии и работни активности во системот

Системот за управување со човечки ресурси заедно со системите Пресметка на плата со персонална евиденција и Евиденција на работното време се одлични алатки за унапредување на ефикасноста на вработените и следење на нивниот работен век, подобрување на квалитетот и иновацијата на компанијата, а со тоа и задоволување на потребите на постоечките и идните клиенти.

На крај сакаме да напоменеме дека Еликософт со својот тим стои на располагање на сите заинтересирани субјекти за било какви информации.